**Fachberaterzentrum für Herkunftssprachen,**
**Mehrsprachigkeit und schulische Integration**

HESSEN

До родителите
на учениците кои што имаат интерес
за настава на јазици од потеклото

Bearbeiterin Anita Akmadza
Durchwahl 069 38989-228
Fax 069 38989-188
E-Mail Anita.Akmadza@kultus.hessen.de

Datum 22. Februar 2024

**Информации за наставата на јазици од земјата на потеклото за учебната 2024/2025 година**

Драги родители,

Во продолжение сакаме да Ве информираме за наставата на јазици од земјата на потеклото на македонски јазик и да Ви укажеме на поединостите поврзани со пријавувањето.

Кому е наменета наставата на јазици од земјата на потеклото?
За сите ученици со предзнаење на јазикот од земјата на потеклото од 1. до 10. одделение.
Наставниот предмет е изборен и како таков е доброволен.

Каде се одвива наставата?
На централни наставни места. Листите на училиштата преземете ги од следната интернет страница:
https://schulaemter.hessen.de/schulbesuch/unterricht-in-der-herkunftssprache/angebotene-sprachen/mazedonisch
За понатамошни информации можете да се обратите во Амбасадата на Република Северна Македонија во Бон, Bonn, како и на наставникот за македонски јазик, Г-ѓа Филиповски. Контакт преку е-маил: b.filipovski@gmx.de.

Кога и каде морам да го пријавам своето дете?
За настава на македонски јазик најпрвин побарајте го местото на одржување најблиску до училиштето на Вашето дете. Преглед на централните наставни места има на интернет страниците (види горе) или на барање во училиштето на Вашето дете.
Потоа исполнете ги двете страни од пријавата, потпишете ја и направете една копија. Ве молам, пријавете го Вашето дете на следните две места:
1) Оригиналот од пријавата предадете го на класниот раководител во матичното училиште на Вашето дете.

Stuttgarter Str. 18-24
60329 Frankfurt a.M.
Telefon 069 38989-00
Fax 069 38989-188
E-Mail: poststelle.fbz.frankfurt@kultus.hessen.de
Internet: www.schulamt-frankfurt.hessen.de

2) Копија од пријавата испратете ја по пошта или преку е-маил на централното наставно место, т.е. во училиштето во кое се одржува наставата на јазици од потеклото. Адресата од училиштето ќе ја најдете во листата на училишта.
Ве молам, запазете го крајниот рок за поднесување, кој завршува на 20. септември 2024.

Како правилно се пополнува пријавата?
Под Eltern/ родители впишете го Вашето презиме и име, улица и број, поштенски број, место на живеење, Вашиот број на телефон и своеволно Вашата е-маил адреса. Под Schüler/in/ ученик/чка впишете го презимето и името на Вашето дете, датумот на раѓање, името на училиштето кое редовно го посетува и одделението. Во избор на јазик заокружете го македонски. Наведете го името, адресата и местото на избраното училиште, во кое се одржува наставата. Не заборавајте да го напишете местото и датумот, како и Ваш потпис!
Имајте во предвид дека по пријавувањето, присуството на наставата е задолжително.

Како можам своето дете да го отпишам од настава?
Одјава од наставата за наредната учебна година е возможна само преку писмен пат (без посебни форми) и тоа на крајот од учебната година. Управата на училиштето кое Вашето дете го посетува, со својот потпис ја потврдува одјавата. За одјавата мора да биде информиран, исто така, и одговорниот наставник за наставата на јазици од потеклото.

Како се одвива постапката на вреднување/ оценување?
За наставата за која е одговорна земјата на потеклото (К), морате да го потпишете формуларот на страна 2, Барање за внесување на оценката, за оценката од јазикот на земјата од потеклото да биде внесена во свидетелството.
Оценувањето е описно со следните забелешки во свидетелството: Присуствувал/а на настава (tg), со успех присуствувал/а на настава (mEtg) или со добар успех присуствувал/а на настава (mgEtg). Учениците од 1. и 2. одделение добиваат само напомена во свидетелството. Нема оценување.

За прашања и понатамошни информации Ви стојам на располагање.
Срдечен поздрав

Mirjana Antanasijevic, Anita Akmadza
Fachberaterinnen für Albanisch, Bosnisch, Kroatisch, Mazedonisch, Slowenisch und Serbisch